ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДИГИТАЛИЗИРАНИ ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

## 1. ДЕФИНИЦИИ

1.1. Банка: Шпаркасе Банка АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски“ бр. 14, 1000 Скопје, матичен број: 4558669 (регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија), даночен број: 4030993261735, број на сметка: 250000000000111, СВИФТ адреса: INSBMK22, официјална веб-страница: www.sparkasse.mk, е-пошта: contact@sparkasse.mk, телефон за контакт: 02/ 15 050. Надлежен орган за надзор на Банката е Народната банка на Република Северна Македонија. Платни системи во кои учествува Банката се: КИБС, МИПС, Visa и Mastercard.

1.2. Општи услови: Се однесуваат на Општите услови за користење на дигитализирани платежни картички издадени од Банката од брендот Visa преку Дигитални паричници.

1.3. Дигитализирана картичка (Токен): Претставува дигитален приказ на физичката платежна картичка во соодветен Уред, при што вистинскиот број на картичката (PAN) е заменет со уникатен дигитален идентификатор (Token).

1.4. Дигитален паричник: Специјализирана софтверска апликација за електронско плаќање на трета страна (Понудувач), која по нејзината инсталација и конфигурација на Уредот, овозможува чување на Токенот и вршење безбедни плаќања.

1.5. Понудувач на Дигитален паричник (во натамошниот текст: „Понудувач“): Се однесува на трета страна, која не е банката, туку технолошка компанија која е сопственик и развивач на софтверската апликација (Дигитален паричник) и која овозможува дигитализација на платежните картички и извршување на платежни трансакции преку сопствената платформа. Корисникот на картичката самостојно одлучува дали да ги прифати условите на дигиталниот паричник кои ги обезбедува одреден понудувач на дигитален паричник. Корисникот на картичката ги добива сите можни информации за функционирањето на дигиталниот паричник од добавувачот на дигитален паричник.

1.6. Продавница за апликации: Платформа за дистрибуција на дигитални апликации во сопственост на Понудувачот, наменета за преземање содржини и апликации на Уредот согласно неговиот оперативен систем.

1.7. Уред: Под овој поим се подразбира паметен мобилен телефон (smartphone), паметен часовник (smartwatch), таблет или друг преносен дигитален апарат со напредни перформанси кој поседува фабрички (немодифициран) софтвер, поддржува NFC технологија и поседува сигурносни елементи (ПИН или биометрија) неопходни за користење на Дигиталниот паричник.

1.8. NFC (Near Field Communication) технологија: Стандард за безжична комуникација на кратки растојанија кој овозможува сигурна размена на податоци помеѓу Уредот на Корисникот и ПОС терминал или банкомат.

1.9. ПОС (POS) терминал: Електронски уред на продажно место наменет за прифаќање платежни картички, кој поддржува бесконтактно плаќање преку NFC технологија.

1.10. Упатства за користење: Сет од насоки и чекори за правилна конфигурација и употреба на дигиталниот паричник, јавно објавени и достапни на официјалната веб-страница на Банката.

1.11. Активна интернет врска: Постојана и стабилна безжична интернет врска (мобилни податоци или Wi-Fi) на Уредот, неопходна за процесот на дигитализација, верификација и ажурирање на податоците.

1.12. E-mail адреса: Валидна електронска адреса на Корисникот, пријавена во базата на Банката.

1.13. Платежна трансакција заснована на картичка: Услуга која се заснова на инфраструктура и правила за работењето на картичната платежна шема заради извршување на платежна трансакција со користење на која било картичка, телекомуникациски, дигитални или информатички уреди, што може да содржат соодветна платежна апликација и којашто резултира со извршување трансакција со дебитна картичка или кредитна картичка, освен платежна трансакција врз основа на други видови на платежни услуги.

## 2. ОПШТИ ОДРЕДБИ

2.1. Овие општи услови се применуваат кога корисници на кредитни или дебитни картички од брендот Visa издадени од Шпаркасе Банка АД Скопје ја користат картичката преку Дигитален паричник.

2.2. За сѐ што не е уредено со овие правила, соодветно се применуваат одредбите од:

- Рамковниот договор за платежни услуги на Банката;
- Општите правила и услови за дебитни/кредитни картички за физички/ правни лица;
- Договорот за картичка што корисникот ги има потпишано со Банката;
- Тарифата на надоместоци на Банката за физички/ правни лица.

2.3. Овие Општи услови претставуваат составен дел и дополнување на Рамковниот договор и поединечните договори за издавање и користење на платежни картички. Со прифаќањето на овие услови, Корисникот потврдува дека ги прочитал, разбрал и во целост ги прифаќа правилата за дигитализација.

## 3. ПРОЦЕС НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И АКТИВАЦИЈА

3.1. Корисникот мора да има активна интернет врска, ажуриран мобилен број во базата на Банката и уред со неоштетен фабрички софтвер (без jailbreak/root).

3.2. Пред да се дигитализираат платежните картички потребно е корисникот да ги внесе потребните податоци согласно инструкциите од мобилните апликации.

3.3. Во случај на реиздавање на картичката (поради истек или оштетување), Корисникот е должен повторно да ја дигитализира новата картичка во Дигиталниот паричник.

3.4. Банката го задржува правото да одбие дигитализација доколку картичката е блокирана, неактивна или ако Уредот не ги исполнува безбедносните стандарди.

3.5. Понудувачите на дигитални паричници можат да воспостават сопствени ограничувања, како што се минимална старосна граница за корисникот или максимален број на картички што можат да се дигитализираат на еден Уред. Корисникот е должен да провери дали ги исполнува овие критериуми поставени од страна на Понудувачот.

## 4. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ И АВТОРИЗАЦИЈА

4.1. Плаќањето се врши со доближување на Уредот до ПОС терминал или банкомат кој поддржува бесконтактна (NFC) технологија, како и преку интернет на продажни места (мобилни апликации или веб-страници) кои го поддржуваат Дигиталниот паричник како метод за плаќање. Трансакцијата се иницира преку апликацијата на Понудувачот (Wallet).

4.2. Секоја трансакција направена преку Дигитален паричник се смета за авторизирана од Корисникот со примена на методот за отклучување на уредот (биометрија или ПИН). Авторизацијата со биометрија на уредот ја заменува потребата за внесување ПИН на терминалот, без разлика на износот (согласно правилата на Visa). При плаќање преку интернет, успешно извршената авторизација на Уредот се смета за неоспорна согласност на Корисникот за извршување на трансакцијата.

Автентикацијата на трансакциите извршени со дигитализирана платежна картичка се врши преку сигурносни механизми на Уредот (ПИН, биометрија или други технички средства), во согласност со применливите прописи и безбедносни стандарди. Банката не ги собира, не ги чува и не ги обработува биометриските податоци што се користат за отклучување на Уредот, ниту има пристап до нив.

4.3. Банката не е одговорна доколку ПОС терминалот на трговецот не поддржува бесконтактно плаќање или доколку услугата е недостапна поради виша сила (природни настани, акти на власт, прекин во мрежа на оператори) или поради причини кои не се зависни од Банката.

4.4. Лимитите за трошење на Дигитализираната Visa картичка се идентични и се црпат од вкупните лимити дефиниран за физичката картичка. Трансакциите со дигитализирани платежни кртички издадени од Банката се наплаќаат од платежната сметка поврзана со платежната картичка на стандарден начин како другите картични трансакции.

4.5. Корисникот со најава и избор во Дигиталниот паричник самиот определува која платежна картичка ќе биде поставена како стандардна (default) картичка за плаќање. Банката не сноси одговорност доколку Корисникот извршил трансакција со погрешна картичка поради тоа што не ги прилагодил поставките во својот Уред.

4.6. За извршување на платежни трансакции, за корисникот на платежната картичка важат Општи услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички /правни лица.

## 5. БЕЗБЕДНОСНИ ПРАВИЛА И ОДГОВОРНОСТ НА КОРИСНИКОТ

5.1. Корисникот е должен да го чува својот Уред со внимание на добар домаќин. Со цел спречување губење, кражба или злоупотреба на Дигитализираната картичка од страна на трети лица, строго е забрането:

- Оставање на Уредот без личен надзор или во отклучена состојба;
- Отстранување на фабричките безбедносни и заштитни елементи од софтверот на Уредот (процеси познати како jailbreak или root);
- Давање на Уредот на користење на трети лица;
- Регистрирање на биометриски податоци (отпечаток од прст, препознавање лице) на други лица во поставките на Уредот. Секоја трансакција потврдена со биометриски податок регистриран на Уредот ќе се смета за легитимна, неспорна и авторизирана лично од самиот Корисник.

5.2. Корисникот е обврзан да постави и одржува активен метод за заклучување на Уредот (силна лозинка, ПИН или биометрија). Доколку Корисникот го деактивира заклучувањето на екранот на Уредот, Дигитализираната картичка (Visa) автоматски ќе биде деактивирана за плаќање.

5.3. Пред секое отуѓување, замена или предавање на Уредот на сервис, Корисникот е должен самиот да ја отстрани (избрише) Дигитализираната картичка од Дигиталниот паричник. Банката ќе ги изврши сите трансакции кои биле авторизирани со употреба на картичката во дигитална форма пред истата да биде успешно отстранета од Уредот.

5.4. Во случај на загуба или кражба на Уредот, како и при сомневање за компромитирање на безбедносните елементи, Корисникот е должен веднаш да ја извести Банката преку Контакт центарот на 02 15 050 (достапен 24/7) или во најблиската експозитура. Се до моментот на пријавување на загубата до Банката, Корисникот ги сноси сите правни последици и одговорност за евентуално неовластено користење на услугите од страна на трети лица.

5.5. По пријава на загуба на Уредот, Банката по барање на Корисникот може да изврши блокирање само на Дигитализираната картичка (Токенот), при што физичката пластична картичка останува активна за користење. Во случај на пријавена загуба на физичката картичка, Банката по автоматизам ги блокира и физичката картичка и сите поврзани Дигитализирани картички (Токени) на сите Уреди.

5.6. Банката не презема одговорност за штети настанати од злоупотреба на Уредот или Дигиталниот паричник доколку Корисникот не ги презел сите мерки за заштита дефинирани во овие Општи услови или не ја пријавил загубата/кражбата веднаш по дознавањето.

5.7. Корисникот на картичката мора да ги почитува сите правила за користење и безбедно работење со платежната картичка и сите безбедносни елементи потребни за

дигитализација на платежната картичка, како што е наведено во Општите правила и услови за издавање и користење на дебитни/кредитни картички за физички/ правни лица.

**6. НАДОМЕСТОЦИ**

6.1. Сите надоместоци, провизии и трошоци кои Банката ги наплатува за користење на физичката платежна картичка согласно важечката Тарифа, соодветно се применуваат и за трансакциите направени со истата картичка во дигитална форма (дигитализирана картичка). Понудувачот на дигитален паричник може да пресметува свои трошоци за користење на дигиталниот паричник.

**7. РЕКЛАМАЦИИ ЗА ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ**

7.1. Корисникот на Дигитализираната картичка има право на рекламација за секоја поединечна платежна трансакција извршена преку Дигиталниот паричник, на ист начин и под исти услови како и за трансакциите направени со физичката платежна картичка.

7.2. Постапката за поднесување рекламација, начинот на одлучување и роковите за решавање на истата се уредени со Општите правила и услови за издавање и користење на дебитни/кредитни картички за физички/ правни лица на Банката, како и со оперативните правила на картичната организација Visa.

7.3. Корисникот е согласен дека успешно извршената авторизација на трансакцијата преку Уредот (со биометрија или ПИН на самиот Уред) претставува неоспорен доказ дека трансакцијата е автентицирана лично од страна на Корисникот. Банката го задржува правото да ја одбие рекламацијата доколку се утврди дека трансакцијата е извршена со примена на биометриски податок регистриран на Уредот на Корисникот.

**8. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

8.1. Корисникот е запознаен и согласен дека Понудувачите на Дигитални паричници се посебни и независни контролори на податоци во однос на нивните апликации и оперативни системи. Банката не е одговорна за начинот на кој овие компании ги прибираат, чуваат и обработуваат податоците откако неопходните лични податоци ќе бидат разменети за целите на дигитализација и извршување на платежните трансакции.

8.2. Корисникот пред дигитализацијата на картичката, се информира за политиките за приватност и условите за користење на соодветниот Понудувач.

8.3. Банката ги обработува личните податоци на Корисниците во согласност со Законот за заштита на личните податоци и применува соодветни технички и организациски мерки за нивна заштита.

Деталните информации за обработката на личните податоци при користење на дигитализирани платежни картички, како и другите дигитални услуги, се содржани во документот „Информации за обработка на лични податоци при користење на дигиталните канали“, кој претставува составен дел на Политиката за приватност на Банката и е достапен на официјалната веб-страница на Банката, преку следниот линк: https://www.sparkasse.mk/mk/korisni-informacii/politika-za-privatnost.

8.4. Со дигитализацијата на платежната картичка, Корисникот потврдува дека по сопствено барање ја користи услугата и е информиран дека за таа цел Банката ќе разменува неопходни лични податоци со картичната организација и Понудувачот, исклучиво за потребите на токенизација, верификација и извршување на платежните трансакции.

8.5. Банката не обработува лични податоци на Корисникот за цели различни од оние утврдени со овие Општи услови и со „Информациите за обработка на лични податоци при користење на дигиталните канали".

8.6 Извршувањето и обработката на платежните трансакции преку дигитализирани платежни картички не вклучува автоматизирано донесување одлуки со правни последици за Корисникот без човечка интервенција, од страна на Банката, во смисла на Законот за заштита на личните податоци.

## 9. ПРОМЕНИ И ПРЕКИН НА УСЛУГАТА

9.1. Банката може во секое време да ги измени овие Општи правила. Измените ќе бидат објавени на официјалната web страна на Банката, во експозитурите на Банката, преку Порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги и на друг траен медиум. Доколку Корисникот продолжи да ја користи дигитализираната картичка по измената, се смета дека е согласен со истите.

9.2. Понудувачите на дигитални паричници се одговорни за непречено функционирање на дигиталниот паричник, Банката не е одговорна за какви било нарушувања или нефункционирање. Банката исто така не е одговорна за можна надградба или неможност за пристап или неприфаќање на картичката во дигитализирана форма на продажното место.

Исто така, Банката не гарантира дека картичката во дигитална форма ќе биде прифатена на секое продажно место или банкомат, доколку терминалот на трговецот, прифаќачот или самиот Понудувач имаат технички ограничувања, специфични софтверски поставки или прекин во комуникациските мрежи.

9.3. Банката го задржува правото привремено да го ограничи пристапот до услугата или да ја прекине дигитализацијата на одредена картичка поради модернизација на системите, безбедносни причини, одржување или технички пречки кои се надвор од нејзината директна контрола.